# КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

## кои следат онлајн настава во ООУ „Ванчо Николески“

## - учебна 2020/21 –

**Ученикот треба:**

- Задолжително и навремено да се вклучува на онлајн часовите според даден распоред.
- Да биде најавен и приклучен пред почетокот на наставниот час.
- Да биде пристојно облечен.
- Да биде сам во просторијата.
- Да биде подготвен според дадените насоки, прибор, учебници и сл.
- Да го следи наставникот и неговите инструкции.
- Да зборува само кога ќе биде повикан од наставникот, а никако без дадено одобрување од наставникот.
- Да има вклучено камера доколку ја поседува како техничка поддршка.
- Да не користи мобилен доколку е вклучен од компјутер.
- За време на часот да не разговара на телефон.
- Да не јаде за време на часот.
- Да не џвака мастика за време на часот.
- Пристојно да се однесува.
- Да не им пречи на другите со разни гестикулации.
- Да ги почитува правилата кои ќе ги зададе наставникот.
- Активно да се вклучува во реализација на наставниот час, внимателно да слуша и во текот на часот да ги извршува задачите зададени од наставникот.
- Да не игра со копчето за звук.
- Да не ја исклучува камерата.
- Правилно да седи, односно телото да се држи во исправена положба.
- Прозорите во просторијата да бидат затворени поради звучноста во просторот.
- Да се почитува правилото кога еден зборува, другите слушаат.
- Да не дофрла на друг ученик доколку се сите вклучени.

- Да го следи ученикот кој зборува.
- Доколку има проблем со логирање или други проблеми во врска со типот на следење на часот на платформата, го известува наставникот преку смс порака или преку порака на социјална мрежа.
- Уредот за следење на наставата да биде со полна батерија за да не дојде до прекин.
- Да се исклучи од часот по насока од наставник.
- Да се труди да биде пример за другите другарчиња во онлајн училницата.
- За секое отсуство од час претходно да го извести наставникот и да приложи писмено или усно оправдување од родителот или старателот.

Доколку ученикот не се вклучи на часовите повеќе од пет наставни дена, следи педагошка мерка според правилата на училиштето и педагошката служба, како и Протоколот од Влада од РСМ за настава за време на пандемија.

Директор

Елена Ел Нади